**Образец бр.1**

**План за спроведување
на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог - Закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | - Филип Иванов, директор на Управата за животна средина;<br>- Лендита Дика, државен советник,<br>- Емилија Ќупева-Неделкова, раководител на одделение за хемикалии и индустриски несреќи |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 31.07.2009 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Севесо II Директивата за контрола на опасностите од индустриски несреќи (96/82/ЕЦ) |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>**

1. **Кои се главните проблеми?**
    - Не постоење на правна рамка за регулирање на односите со соседните држави при евентуална појава на индустриски несреќи
    - Не постоење на правно регулиран систем за известување и взаемна помош со земјите кои се директно засегнати од настанатата индустриска несреќа согласно меѓународните договори

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**
   При разгледувањето на опциите за регулација, постојат алтернативи од два аспекта: Начин на дефинирање на целите за превенција и контрола на индустриските несреќи и нивното прекугранични последици, како и начин на воспоставување на систем за управување со индустриските несреќи. Проценката на Влијание на

Регулативата ќе се прави од првиот аспект, додека алтернативите за  организација на системот за за управување со индустриските несреќи ќе се опишат во законот.

- ***Опција 1:*** Не прави ништо. Опцијата “не прави ништо” се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline).
- ***Опција 2:*** Донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи и развивање на детален Национален план за превенција и контрола на индустриските несреќи.
- ***Опција 3:*** Донесување на Закон за ратификација на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи, воспоставување на здрав систем за превенција и контрола на индустриските несреќи преку активно вклучување на сите инволвирани чинители.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

А. бизнис субјектите во следниве категории:

- Индустрија која складира, произведува, аплицира опасни супстанции од Анекс I од Конвенцијата.

Б. Органи на државната и локалната власт:

- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за економија,
- Министерство за здравство,
- Центар за управување со кризи,
- Дирекција за заштита и спасување,
- Министерство за транспорт и врски,
- Министерство за внатрешни работи,
- Министерство за одбрана,
- Едиците на локалната самоуправа (Јавните комунални претпријатија).

Ц. Јавноста:

- Граѓаните генерално.

## Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

Достапни се следните податоци:

- Податоци за постоечката правна рамка во областа на управувањето со индустриските несреќи;
- Нацрт-акционен план за имплементација на основните задачи на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи.

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**
   Потребни се следните податоци:
   - Листа на инсталации кои складираат, произведуваат, аплицираат опасни супстанции,
   - Листа на инсталации кои складираат, произведуваат, аплицираат опасни супстанции класифицирани во Анекс I од Конвенцијата,
   - Листа на инсталации кои складираат, произведуваат, аплицираат опасни супстанции класифицирани во Анекс I од Конвенцијата и предизвикуваат прекугранични последици.
   - Мапирање на сите еколошки оптоварувања кои можат да предизвикаат индустриски несреќи со прекугранични ефекти.

   Податоците релативно се содржани во Нацрт-акционен план за имплементација на основните задачи на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи. Делот кој што недостасува е планиран да биде достапен до средината на 2010 година од страна на телата одговорни за имплементацијата на Конвенцијата за прекуграничните последици од индустриските несреќи и Глава XV од Законот за животна средина („Службен Весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07 и 159/08) при Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Нема да се формира работна група за конкретната цел.